Република Македонија
Министерство за образование и наука

*Скопје, 11. април 2018*

# СОСТАНОК НА СЕКТОРСКА РАБОТНА ГРУПА

## *СЕКТОР „ОБРАЗОВАНИЕ, ВРАБОТУВАЊЕ И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА“*

# Приоритети во делот образование

## Еднаков пристап до квалитетно образование на сите нивоа

1. Подобрување на квалитетот на предучилишно образование
   - Модернизација на рамката за рано учење и развој
   - Модернизација на рамката за кариерен развој на наставниот кадар
2. Проширување на мрежата на јавни предучилишни институции во рурални и урбани средини
   - Зголемен пристап до предучилишно образование согласно со пристапот на инклузивно образование (изградба на нови, проширување/реновирање на постоечки физички предучилишни институции и набавка на опрема по идентификуваните потреби)
3. Понатамошна поддршка на имплементацијата на Националната рамка на квалификации
   - Воспоставувањае на координиран и ефективен систем на обезбедување квалитет во процесите на развивање на квалификации, валидација и акредитација
4. Подобрување на квалитетот на образование
   - Надградба на системот на обезбедување квалитет и инвестирање во професионалниот развој на наставниците

## Подобрување на вработливоста и пристапот до пазар на труд и пристојна работа

1. Зголемување на инклузивноста, релевантноста и атрактивноста на стручното образование и образованието на возрасни
   - Унапредување на практичното образование и обука во ССУ
   - Воведување на Регионални центри на извонредност
   - Унапредување на работата на „училишни компании“
   - Промовирање на концептот на учење засновано на работа
   - Професионален развој на наставници
2. Поддршка за сеопфатен и инклузивен систем за образование на возрасни
   - Валидација на неформално и информално образование, на стекнати знаења и вештини со цел официјална сертификација за подобрување на вработливоста и кариерен напредок
3. Подобрување на пост-средното образование
   - Имплементација на концептот за пост-средно образование, преку техничка поддршка на воведувањето образовни програми согласно со пазарот на труд
4. Поврзување на системите за обезбедување квалитет во стручното и образованието на возрасни со EQAVET
   - Идентификација на соодветни индикатори за следење и известување согласно со рамката

## Подобрување на квалитетот и расположливоста на социјални услуги

1. Справување со дискриминацијата преку подобрување на инклузивноста во задолжителното образование
   - Поддршка на ученици Роми во образовниот процес
   - Поддршка на ранливи категории во образовниот процес
   - Стипендии за ученици, поддршка на наставен кадар и родители
   - Унапредување на системот за идентификација на ранливи ученици

## Приоритети 2020 -

1. Целосно воспоставување на Националната рамка на квалификации
   - вклученост на работодавачите во сите фази од процесот
   - формирање на сите секторски комисии
   - овозможување поголемо совпаѓање помеѓу понудените и побараните вештини во рамки на секоја квалификација/занимање
2. Средно образование
   - континуирани обуки на наставниот кадар и менторите
   - зголемена соработка со работодавачите,
   - зголемување на практичната настава кај работодавачите,
   - учество на работодавачите во изготвување на стандарди за квалификации, наставни програми,
   - развивање на систем за учење преку работа,
   - дуално средно стручно образование,
   - континуирано следење и анализирање на постигањата на учениците - воспоставување на Опсерваторија на вештини
   - развивање Центри на извонредност.

## Приоритети 2020 -

3. Образование на возрасните

- Воспоставување на систем за валидација на неформално и информално учење
- Зајакнување на капацитетите на институциите за имплементација
- Стекнување на квалификација или дел од квалификација во неформалното образование
- Обезбедување на квалитет (верифицирана програма, стандард на занимање, стандард на квалификација, оценување, тела кои ќе го следат секој процес)
- Операционализација на Концепцијата за основно образование на возрасните
- Комплетирање на основното образование на возрасните
- Комплетирање на средното образование на возрасните
- Обуки за возрасни лица во казнено – поправните институции

## Приоритети 2020 -

Инклузивно образование

•Подобрување на условите и капацитетите на училиштата за инклузивно образование за децата со посебни образовани потреби
• Воведување на оддржлив модел за идентификација на училишни обврзници кои се надвор од училиштата во основното и средното образование и нивно следење до завршување на задолжителното образование
• Приспособување на зградите на основните/средните училишта според потребите на учениците со физичка попреченост
• Обука  на наставниците и стручните соработници за рано препознавање и работа со ученици со посебни образовни потреби
• Ангажирање на образовните и лични асистенти од страна на мон
• Поддршка на семејствата на  децата со попреченост кои се вклучени во образовниот систем
• Продолжување на  менторството/туторството за учениците Роми
• Продолжување на стипендирањето на ученици Роми

## Приоритети 2020 -

Високо образование

- Стратегијата за образование предвидува активности за унапредување на студентскиот стандард и инклузивното образование, со главен акцент на инклузивното образование преку приспособување на универзитетските згради
- обезбедување на подобра достапност на високото образование за лица со различни образовни потреби и физичка попреченост
- суштински реформи на високото образование со кое предвидуваме модернизација на студентскиот живот и инклузивност во високото образование